Уп. бр.08-171

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Пословни систем Меркатор д.о.о., со регистрирана адреса на Дунајска цеста 107, 1000 Љубљана, Словенија, преку полномошник Методија Велков, Адвокат во Адвокатско Друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 27.12.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Пословни систем Меркатор д.о.о., со регистрирана адреса на Дунајска цеста 107, 1000 Љубљана, Словенија, стекнува самостојна контрола над друштвото ЕНГРОТУШ претпријатие за трговија, д.о.о., со регистрирана адреса на Цеста в Трновље 10А, 3000 Целје, Словенија, по пат на купување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 04.12.2023 година, а дополнето на 06.12.2023 и 14.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Пословни систем Меркатор д.о.о., со регистрирана адреса на Дунајска цеста 107, 1000 Љубљана, Словенија, (во понатамошниот текст: Меркатор) со која Меркатор стекнува самостојна контрола над друштвото ЕНГРОТУШ претпријатие за трговија, д.о.о., со регистрирана адреса на Цеста в Трновље 10А, 3000 Целје, Словенија (во понатамошниот текст: ЕНГРОТУШ), по пат на купување на удели. Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Меркатор** е дел од Фортенова Групациајта, чија основна дејност е малопродажба на стоки за секојдневна потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на продавници за малопродажба низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Меркатор има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштво за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје – во ликвидација, со ЕМБС 5938848 и седиште на ул. Огњен Прица бр.1/3-28 Мезанин, Кисела Вода, 1000 Скопје, Северна Македонија. (во натамошниот текст: „Мерцатор МК“). Регистрираната приоритетна дејност на Меркатор МК е 47.11 - Трговија на мало во неспецијализирани продавници пред се со храна, пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно.

**ЕНГРОТУШ** е друштво чија примарната деловна активност е трговија со производи за секојдневна употреба, која е надополнета со активности за забава, рекреација, угостителство и изнајмување на недвижен имот.

Енгротуш нема поврзани правни лица, ниту пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**